До:

**Единици на Локална Самоуправа:**

***- Општина Пробиштип***

***- Општина Крива Паланка***

**Предмет: Известување за тековни активности**

---

**Завршена имотно - правната постапката со рудниците "Тораница" и "Злетово"**

*Концесионерот БулМак формално – правно стана сопственик на двата рудника*

***Софија/Пробиштип, 24.06.2016***

Денеска, согласно законските регулативи и сите спроведени правно – формални постапки и процедури, како концесионери на рудниците "Тораница" и „Злетово" се стекнавме со право да располагаме со имотот на двата рудника. Тоа значи дека компанијата "БулМак 2016" ја превзема во владение целосната инфраструктура на рудниците: имотот на рудниците: ходници, јами, административни згради, машини, со што се создава непречена можност да започнат работите на терен.

Во доменот на подготвителните активности, Компанијата изготви серија на потребни документи за административен почеток со работа. Согласно планираниот динамички план за рестартирање на рударските капацитети, "БулМак 2016" за почеток вработи 30-тина лица, соодветно одговорни и распределени на различни работни места.

Со денешната завршена процедура за третман на имотот на рудниците, се создава можност за огласување нови работни места, во прва фаза 50 – 60.

Истовремено, тим од искусни експерти кои работеле во рудниците работат на терен и ги вршат сите подготвителни работи за утврдување на точната фактичката состојба со јамите – неопходен чекор за подготовка и почеток на пробната работа, фаза после која ќе се знае точно колку уште колку средства ќе биде потребно да се инвестираат за непречено функционирање на рудниците.

Засилено се работи и на техничка проверка и доопремување на флотационата фабрика.

Со тоа, како Инвеститори и Концесионери веруваме дека набрзо ќе започнеме со експлоатација и преработка на рудата.

*"БулМак 2016"*

*www.minstroy.com*

*###*